








26.05.2013, 17:21

# ИНТЕРВЈУ - СЛОБОДНОТО МИСЛЕЊЕ Е ЗАГРОЗЕНО



**Драган Раденовиќ, скулпторот од Белград со Глигор Чемерски планираат да биде поставено необично светилиште во чест на Богородица во близина на Скопје**

**Катерина Богоева**

Академскиот вајар Драган Раденовиќ, доктор по филозофија, професор по моделирање на Факултетот за применети уметности во Белград, кој изложува во повеќе земји, чии дела се поставени во повеќе светски градови, а дел од скулптурите му се наоѓаат и во значајни приватни колекции и збирки, учествуваше на неодамна одржаната Трета светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог во Скопје. Во разговорот по тој повод, Раденовиќ меѓу другото откри дека постои можност негова скулптура да биде поставена во близина на Скопје. Конференцијата, забележа тој, се занимаваше со прашањето на сите прашања во денешната цивилизација: што е човекот и кои се неговите одредници, но нагласи: „За жал, нејзината завршна декларација на прво место не ја отсликува оваа главна нитка и тоа тангентно ја потврдува мојата следна теза. Во составување на конференцијата дискретно, но со големо влијание учествуваа преставници на паралелните видови“.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ПОЛСКИТЕ ИЗДАВАЧИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ
- ИЗГЛАСАНА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА
- ВО НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКИ ОД ИВАН МЕШТРОВИЌ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

20° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести



**Како го опишувате денешниот човек, кој Вие често и го портретирате?**

Одговорот на прашањето за феноменот на човекот претставува вечна тајна, но денеска тајна е елементарното сознание кој е, а кој не е човек… Изворниот човек, каков што се појавил на планетата Земја води прикриена, но често и отворена битка со генетската модификација на човекот робот и роботот-биоробот и со мешавината на рептил и човек. Луѓето се' уште се по број доминантни благодарение на подрачјата каде што засега во потполност не се наметнала информациската цивилизација и реалноста на т.н. нови технологии. Меѓутоа, остана многу малку простор и време за опстанок на човековиот вид. Биороботите и рептилоидите истовремено водат меѓусебна војна, но човекот останува главната пречка на нивната идеја за живот на планетата. Видот од космосот, кој го испрати човекот на Земјата, не може да биде задоволен со експерименталните групи на нашата планета. Сите групи го квантифицирале ембрионот на квалитет со кој се создадени и тој стана количник на бројот на жители. Науката некритички ја поедностави сложената стварност на животот така што духовниот свет на човекот беше прва жртва на долготрајниот ретрограден процес. Религијата како рамка на таа значајна човечка парадигма со темелна злорадост е сведена на критичното ниво на смислата.

**Што се за Вас слободата и достоинството?**

Основниот, истовремено и највисокиот степен на човековата слобода е слободата на мислата, слободата на размислувањето - слободното мислење. Меѓутоа, бидејќи мислата има материјален карактер, што и научно е потврдено, и овој опсег на слободата е загрозен, односно е доведен под прашање. Никола Тесла во 1897 година објавил текст во „Њујоркер“ во кој тврди дека мислата веќе нема приватен карактер, бидејќи тој направил уред со кој може да ја сними секоја мисла.

Бидејќи традиционално основната премиса на човековата слобода е дека неговиот живот е во согласност со неговите мисли, се наметнува прашањето за слобода во апсолутна смисла.

Човечкото достоинство е неговото елементарно обележје. Без услови за каква било слобода, исчезнало и достоинството. Човекот повторно се наоѓа на почетокот на патот за да се избори како Феникс и да стекне право на слобода, а така и достоинство во своето окружување. Кога го моделирам „човекот во современиот свет“ се обидувам со јазикот на ликовната уметност, со скулпторски средства да ги прикажам стравовите на човековиот вид и цивилизација во еден облик, како супститут на севкупните стравови, надежи и желби на луѓето. Автентичниот мотив на гавранот Ананда кој според индиската митологија го памети постанокот на светот, го користам на сличен начин како што тоа во поезијата го чинеше Алан По, Лаза Костиќ или како што тоа метафорично го прави Катица Ќулавкова.

**Во Скопје донесовте и своја мала скулптура, која го привлече вниманието на конференцијата. Што претставува таа?**

Токму скулптурата што ја донесов со себе со цел да говори наместо мене со јазикот на визуелните комуникации, е преставник на мојот опус на материјалните размислувања во бронза. Тука е Ананда, кој се движи по рамнината на сопствениот простор и Александровиот коњ Букефал на кој

Deutsche Welle
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?
Пипа кажа „Да“

Ананда условно јава, но тој каска по рамнината на некој свој друг и поинаков простор. Оваа скулптура е дел од колекцијата на Руските музеј во Санкт Петербург, но ја земав за оваа пригода со намера да го покажам милениумскиот пат на Македонија, од словенските антички корени пред големиот земјотрес, преку Александар Велики до денешната посебност. Крстот кој Ананда го подига над тоа е модел на крст кој во октомври ќе го изложам на изложба во Ватикан, како дел од завршните свечености по повод прославата на Миланскиот едикт. Папата Јован Павле Втори тој облик на крст од девет сегменти со втиснат корпус на распетието го нарече „крстот на 21 век".

**Планирате една Ваша скулптура, претпоставувам во поголеми димензии, да биде поставена во Скопје.**

Со колегата Глигор Чемерски планирав необично светилиште во чест на Богородица да биде поставено во близина на Скопје на отворен простор. Постаментот за скулптурата на Богородица и сегментарниот, кои би биле во димензија од околу 10 метри, ќе биде изработен одвнатре во мозаик со мотив од Новиот завет. Тоа ќе биде единствен вајарско-сликарски подвиг, а преставниците на христијанското обединување во овој уметнички објект веќе гледаат симбол на заедничкото христијанство на иднината. Моделот на скулптурата на Богородица со малиот Исус и моделот на крстот и проектот на објектот, на кој тие стојат, со мини-урбанизам е веќе завршен. Реализацијата на целата творба зависи од одлука и од видовитоста на политичкото раководство на Република Македонија.

**Минатата година имавте изложба во Охрид, каде што за медиумите изјавувавте дека планирате да го портретирате и Паско Кузман. Што се случи во меѓувреме?**

Таа изложба во Охрид е една од најзначајните во мојата кариера. Охрид е најстарото урбанизирано човечко населено место во светот со енергија која на творците им дава да се воздигнат до космичките височини. Одамна ветив дека ќе го направам портретот на мојот другар Паско Кузман, тој тоа го заслужува со своето дело и со својата појава, пророчка појава на Дон Кихот на нашето време.

**Што им е потребно на вајарите денес за да се одржат себе и својата творечка моќ?**

Работата и верата во сопствената мисија на овој свет се неопходни, особено им се неопходни на младите вајари кои сакаат да оставаат трага во оваа работа за посветените, која истовремено е и најубавата професија каде што на единствен начин се обединуваат умот и физичката сила, филозофијата и практичниот живот.

**Ја видовте ли изложбата на Хенри Мур во Скопје, чиј помошник бевте пред 30- ина години. Влијаеше ли значајно тој на Вашата работа?**

Ја погледнав изложбата на графики и мали објекти на Хенри Мур, која ме потсети на престојот и работата во неговото ателје. Се сетив на обвинувањата на неговата сопруга Ирина, по потекло од Русија, дека го наведувам да пие виски пред вечера. Сега на тоа се сеќавам како на анегдота за најголемиот вајар на 20 век на кого како млад вајар му ги зголемував моделите слични на тие на изложбата во Скопје до размери со природна величина. Хенри Мур беше мој пример како вајарот мора да се однесува кон својата работа и сметам дека тој мора да биде парадигма на сите следни генерации вајари. Од него особено прифатив да цртам секојдневно и така своите мисли да ги бележам за ситуации во кои скиците имаат непроценлива вредност. Најтопло им благодарам на авторите на оваа изложба бидејќи го избрале вистинскиот момент за претставување на уметноста на скулптурата во главниот град на народот, кој решил својот идентитет да го покаже, а интегритетот да го потврди токму со скулпторски дела.

Статијата е прочитана 1587 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Росица Лазеска изложува во „Мала станица“**
**„Денот на Џифони“ во Скопје**
**Неделна кинопрограма**
**Концерт на Петруш Петрушевски и Едита Хаџи-Хамза**
**Мемоарите на еден крокодил**
**„Лучија од Ламермур“ на „Мајски оперски вечери“**

## КОМЕНТАРИ

**Itar Pejo**, 27.05.2013 00:41:52
Охрид е најстарото урбанизирано човечко населено место во светот .... Se mislam nesto: Paljurci nekoe vreme ne se spomenuva ?

Кликнете за оценка: 48 | 41

**Rezziloff**, 27.05.2013 08:44:20
Среќа за почитуваниот уметник што итервјуво не го има прочитано господинот Ризаов инаку ќе го ставеше на екстерно тестирање,како што ги стави денес сите кои не мислат како него.

Кликнете за оценка: 38 | 34

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани